4092


**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS

BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842

Tel. 621-578

Ček. račun 101-11/1-804

Current Account with Yugoslav National Bank

**SLUŽBA DOKUMENTACIJE**

**CLIPPING SERVICE**

Isečak iz lista

Newspaper cutting

ВЕЧЕР

Скопје

-6. IX. 1967


**Ликовен преглед**



АЛЕКСАНДАР РИСТЕСКИ „ИЗГОРЕ КРАТОВО", МАСЛО

# БОГАТА ЛИКОВНА СЕЗОНА

Може да се каже дека една сезона богата со ликовни манифестации заврши. Видовме доста изложби од странски и југословенски уметници, се запознавме со ликовната и применетата уметност на неколку земји. Од почетокот на оваа година па до крајот на пролетната сезона во Скопје видовме петнаесетина ликовни изложби не вбројувајќи ги во овој број аматерските настапи. Овој број на изложби секако охрабрува и ни го свртува вниманието кон ликовната уметност затоа што ваквата активност во нашиот град се забележува од скоро, од пред две-три години а најзабележителна е во поминатата сезона.

За пофалба е организаторската способност на Музејот на современата уметност на Скопје кој е организатор на повеќе од целокупниот број на ликовните манифестации во оваа сезона приредена во нашиот главен град. Работничкиот универзитет во Скопје беше ориентиран кон аматеризмот во ликовната уметност, а повремено се интересираше и за професионалните ликовни појави (изложбата на советската уметница Аљбина Макунајте).

Една од најзначајните и како реткост кај нас, може да се каже и најзначајна, беше појавата на Пикасовите графики во нашиот главен град. Секој од нас ќе се сложи дека ова беше ако не единствена тогаш ретка прилика да се сретнеме со творештвото на најпознатиот уметник на денешницата. Покрај задоволството од висококвалитетната графичка продуктивност што ни ја покажа овој генијален Шпанец и еден друг факт зборува за големата значајност на оваа изложба, имено љубителите на ликовната уметност и воопшто луѓето од оваа културна средина можеа да ги проверат своите поранешни погледи врз Пикасовата уметност добиени непотполно, посредно и информативно (преку репродукции, печатот, радиото, телевизијата и др.) и да ги прошират своите познавања за врвната светска уметност во која Пабло Пикасо зазема едно од првите места.

На неколку наврата го видовме и ликовното творештво на македонските ликовни уметници а како најзначајни манифестации меѓу нив беа двете изложби — скулптурската и сликарската, на најмладите македонски уметници. Тие дојдоа во право време за да ни покажат кои се кај нас тие најмлади од кои се очекува многу повеќе од било која друга претходна генерација, кои се ликовните уметници што ќе водат а и уште сега може да се констатира дека водат главен збор во динамиката на ликовниот живот во нашата средина. Не од помало значење беше и изложбата **„Македонски уметници — актуелни тенденции"**, значајна не само како прва изложба од ваков вид туку и како доказ за нас самите што зборува дека нашата културна средина е способна да создаде свое средиште не со усилие да се пронајде културно жариште на ориентации туку ова наша средина ги доби белезите во кои се препознава во главни црти еден општ дух, една уметност условена покрај другите имплицитни фактори, од спецификата на едно јужно поднебје.

Од уметниците од другите социјалистички републики во Скопје ги видовме изложбите на хрватскиот вајар Бранко Ружиќ и словенечкиот сликар Марин Преглеј. И двете изложби беа со високи квалитетни вредности во светот на скулпторскиот израз и сликарските достигнувања.

Дуги две изложби што исто така го привлекоа вниманието на јавноста, тоа беа изложбите на Спасе Куноски и Божин Барутовски. Покрај потврдата за проверените вредности во рамките на македонската уметност што ги потврди изложбата на Спасе Куноски, во личноста на графичарот Божин Барутовски, во своето творештво не наметлив и сензибилен, откривме уметник кој во македонската ликовна уметност квалитативно зазема видно место а како графичар тој е еден од најдобрите наши претставници во оваа ликовна дисциплина.

**Симон Шемов**